РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
Сектор за макроекономска политика

# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

Јануари 2010 година



Скопје, март 2010 година

# РЕЗИМЕ
# НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

## Јануари 2010 година

- Пад од 2,9% на индексот на индустриското производство во јануари 2010 година во однос на истиот месец од претходната година
- Минимален годишен пораст на општото ниво на цени од 0,1%, со месечно ниво на инфлацијата од 0,7%
- Помало остварување на вкупните приходи на Централниот буџет за 17% (1,4% од БДП) и намалување на вкупните расходи за 20,8% (1,9% од БДП) во јануари 2010 година во однос на истиот месец лани
- Пораст на Бруто девизните резерви во јануари 2010 година во однос на јануари 2009 година од 12,3% (177,9 милиони евра), при истовремен месечен раст од 1,4%, или 22,2 милиони евра, во услови на нето откуп на девизниот пазар од 34,7 милиони евра
- Намалување на бројот на засновани нови работни односи за 6,1% во јануари 2010 година во однос на истиот месец минатата година

# 1. Реален сектор

## 1.1. Индексот на индустриското производство во јануари 2010 година во однос на истиот месец од претходната година забележа пад од 2,9%, по двоцифрениот раст од 20% остварен во декември.




Анализирано по сектори, секторот Снабдување со електрична енергија, гас и вода продолжи да бележи двоцифрен раст, при што истиот во јануари 2010 година изнесуваше 16,7%. Секторот Вадење на руди и камен, исто така, забележа двоцифрен раст од 11,4%, што претставува прво зголемување на секторското производство по 9 месеци. Од друга страна, пад на индустрискиот аутпут од 8,2% регистрираше единствено преработувачката индустрија.

Во рамки на преработувачката индустрија, позитивен годишен раст е регистриран кај 6 од 20-те гранки, при што од особено значење е тоа што раст забележаа сите гранки со најголем пондер во индустриското производство. Така, производството на основни метали, како гранка со високо учество во индексот на индустриско производство, се интензивираше и се зголеми за 109,7%, производството на прехранбени производи за 6,7%, производството на тутунски производи порасна за 35,4%, а производството на производи од други неметални минерали за 2,2%.

Најголем позитивен придонес во годишниот раст на индустриското производство има зголеменото производство на основни метали (12 процентни поени).

Индексот на индустриското производство во јануари 2010 година во споредба со претходниот месец забележа намалување од 36,2%.




Десезонираниот месечен пад на индустриското производство во јануари 2010 година изнесува 16,7%, односно доколку се исклучи сезонската компонента падот е понизок за 19,5 процентни поени.

Според оценката на раководителите на претпријатијата, тековната економска состојба на претпријатијата е понеповолна во јануари 2010 година, додека тековната обезбеденост на производството со порачки е малку понеповолна во однос на претходниот месец.

Според менаџерите, најголемо влијание на ограничувањето на обемот на производството во јануари 2010 година имаат следните фактори:

недоволната странска побарувачка со 26,8%, недоволната домашна побарувачка со 19,4%, финансиските проблеми со 11,6% и неизвесното економско окружување со 10,5%.

**Бројот на работници во индустријата во јануари 2010 година во споредба со јануари 2009 година забележа намалување од 7,1%, (во декември стапката на намалување изнесуваше 6,7%).**

Во рамки на поединечните сектори, во јануари се бележат различни движења кај стапките на намалување на бројот на работници. Притоа, кај секторот Вадење на руди и камен регистрирано е поблаго намалување, но е забележано највисоко годишно намалување од 9,3%. Кај преработувачката индустрија беше забележана повисока стапка на намалување (-7,3%), а кај секторот Снабдување со електрична енергија, гас и вода таа остана на исто ниво како и претходниот месец (-2,9%).

**1.2. Во јануари 2010 година цените на производите за лична потрошувачка, мерени преку индексот на трошоци на живот се повисоки за 0,1% во однос на истиот месец од претходната година**.




Растот на општото ниво на цени се должи најмногу на зголемувањето на цените во категоријата Домување, како последица на растот на цените за греење и осветление од 9,5%. Категоријата Сообраќајни средства и услуги забележа раст на цените од 3,7%, додека во категоријата Тутун и пијалаци растот на цените изнесуваше 2,4%. Падот на цените во категоријата Исхрана од 3,5%, која воедно има и највисоко учество во пресметковната структура од 38,6%, влијаеше растот на општото ниво на цени да биде минимален. Пад на цените, исто така, се забележа и во категориите Облека и обувки од 1,2%, Култура и разонода од 0,5%, и Ресторани и хотели од 0,4%.

Индексот на трошоците на живот во јануари 2010 година во споредба со декември 2009 година е повисок за 0,7%.

Вредноста на потрошувачката кошница за исхрана и пијалаци за четиричлено домаќинство за јануари 2010 година, пресметана врз основа на цените на мало, изнесува 12,151 денари и во однос на претходниот месец е повисока за 0,2%.

Индексот на цените на мало во јануари 2010 година забележа зголемување од 0,7% во однос на јануари 2009.

**1.3. Во јануари 2010 година на светските берзи имаше месечно зголемување на цените на енергентите, како и на најголемиот дел од прехранбените производи.**

Во јануари цената на нафтата на светската берза се зголеми за 2,3% во однос на претходниот месец и достигна цена од 76,37 долари за барел. Споредено со јануари претходната година, цената на нафтата е зголемена за 70,2%.

Во рамки на металните производи, никелот, како производ со високо учество во македонскиот извоз, забележа месечно зголемување на цената од 8% и достигна цена од 18,439 долари за еден метрички тон ($/мт). Споредено со јануари претходната година цената на никелот е повисока за 63,1%. Месечен раст беше забележан и кај останатите метали и минерали, од кои бакарот имаше највисок скок на цената (од 5,8%). Цената на алуминиумот се зголеми за 2,5%, додека цената на цинкот се зголеми за 2,4%.




## 2. Надворешен сектор

**2.1. Во јануари 2010 година надворешно-трговската размена (изразена во евра), забележа намалување од 6,9% во однос на истиот месец минатата година.** Притоа, физичкиот обем на извозот е зголемен за 13,5%, а неговата вредност изнесува 130,8 милиони евра, што претставува пораст од 14,9%. Намалувањето на количинскиот увоз на стоки изнесува 19,7%, а неговата вредност оствари износ од 224,1 милиони евра, или намалување од 16,1%. Како резултат на комбинираниот ефект од порастот на извозот и намалувањето на увозот, дефицитот во размената остварен во јануари 2010 година се намали за 60 милиони евра (39,2%) во однос на истиот остварен во јануари 2009 година и изнесува 93,2 милиони евра.




**2.2. Во структурата на извозот најголемо учество (според СМТК) во јануари 2010 година отпаѓа на: облека со 24,5%, железо и челик 19,8%, металана руда и метални отпадоци 9,6%, пијалаци и тутун 9,5%, нафта и производи од нафта 7% и овошје и зеленчук 2,7%.** Овие шест групи производи сочинуваат околу 72,4% од вкупниот извоз на државата.




Поголемиот извоз остварен во

јануари 2010 година во однос на јануари од 2009 година, е резултат на зголемениот извоз на железо и челик (стапка од 63,9%), нафта и производи од нафта (39,4%), тутун и преработки од тутун (зголемен 6 пати), метална руда и метални отпадоци (зголемен 3 пати) итн.

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I- 2009 | I - 2010 | Салдо 2010-2009 | Стапки во% |
| 000Т | 20,3 | 19,3 | -1,0 | -4,9 |
| Мил. ЕУР | 6,6 | 9,2 | 2,6 | 39,4 |
| Мил.$ | 8,7 | 13,2 | 4,5 | 51,7 |

*)Претходни податоци

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I- 2009 | I - 2010 | Салдо 2010-2009 | Стапки во% |
| 000Т | 140,3 | 91,3 | -49,0 | -34,9 |
| Мил. ЕУР | 33,1 | 38,5 | 5,4 | 16,3 |
| Мил.$ | 44,1 | 54,9 | 10,8 | 24,5 |

*)Претходни податоци

**2.3. Најголем дел од увозот на стоки во јануари оваа година отпаѓа на: нафта и производи од нафта 16,3%, железо и челик 8,2%, текстилни предива 7,%, друмски возила 6,5%, останата транспортна опрема, 5,9%, индустриски машини и делови 3,9%, гас природен или индустриски 3% итн.**

Намалувањето на увозот (според СМТК) остварен во јануари 2009 година, споредено со истиот месец претходната година, пред се е резултат на намалениот увоз на: транспортна опрема за 31,2 милиони евра (стапка од 43,3%), погонски машини и уреди за 7 милиони евра (91%), индустриски машини и делови за 6,4 милиони евра (63,5%) текстилни предива и слично за 3,1 милион евра (16,3%) и друго.

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - 2009 | I - 2010 | Салдо 2010-2009 | Стапки во% |
| 000Т | 25,2 | 36,2 | 11,0 | 43,7 |
| Мил. ЕУР | 15,8 | 25,9 | 10,1 | 63,9 |
| Мил.$ | 20,8 | 37,3 | 16,5 | 79,3 |

*)Претходни податоци

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - 2009 | I - 2010 | Салдо 2010-2009 | Стапки во% |
| 000Т | 28,9 | 49,2 | 20,3 | 70,2 |
| Мил. ЕУР | 12,9 | 18,4 | 5,5 | 42,6 |
| Мил.$ | 17,2 | 26,2 | 9,0 | 52,5 |

*)Претходни податоци

**2.4. Во јануари 2010 година 68,5% од вкупно извезените стоки се пласирани на пазарот на Европската Унија (ЕУ27),** а 47,2% од вкупно увезените стоки во Република Македонија се со потекло од оваа интеграција. Извозот во Европската Унија е повисок за 24,4%, а увозот е намален за 13,6%, во однос на јануари 2009 година. Во јануари 2009 година, околу 80% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во трговската размена со Русија, Кина, Грција, Романија, Турција, Србија и Швајцарија.

**2.5. Според валутната структура, во јануари 2010 година,** 71,3% од надворешно-трговската размена е реализирана во евра и претставува пад од 1 процентен поен (п.п.) во однос на истиот месец претходната година, делот од извозот реализиран на "доларскиот пазар" е зголемен за 3%, а извозот во евра е на истото ниво од јануари минатата година.

**НАДВОРЕШНО-ТРГОВСКА РАЗМЕНА на Република Македонија (по валути ); пресметка: МФ**

**- по валути -**

| **ИЗВОЗ** | I- 2009 | | | | | I- 2010 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во %) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 т | извоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | извоз во денари | структ. во % | колич. 000 т | извоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | извоз во денари | структ. во % | | |
| EUR | 92 | 97.009.607 | 61,3998 | 5.956.370.468 | 85,8 | 103 | 97.827.685 | 61,1798 | 5.985.078.203 | 74,6 | 818.078 | 0,8 |
| USD | 36 | 20.983.728 | 46,0763 | 966.852.546 | 13,9 | 42 | 46.491.685 | 42,8267 | 1.991.085.446 | 24,8 | 25.507.957 | 121,6 |
| EUR+USD | 128 | | | 6.923.223.014 | 99,7 | 146 | | | 7.976.163.649 | 99,5 | | |
| вк извоз: | 129 | | | 6.941.472.192 | 100,0 | 146 | | | 8.019.008.484 | 100,0 | | 15,5 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРМ

## 3. Фискален сектор

**3.1. Во јануари 2010 година вкупните приходи на Централниот буџет изнесуваа 5.550 милиони денари (1,4% од БДП), што претставува помало остварување за 17,0% во однос на истиот месец минатата година.**

Даночните приходи во овој период беа реализирани во износ од 5.177 милиони денари, што претставува помало остварување за 17,4% во однос на истиот период лани.




Учеството на ДДВ во вкупните даночни приходи во јануари 2010 година е доминантно и изнесуваше 45,7%, а на акцизите 27,7%, при што, од овие два даноци беа остварени приходи од 3.798 милиони денари, односно 73,4% или речиси 3/4 од вкупните даночни приходи (1,0% од БДП). Гледано по одделни категории, приходите од ДДВ забележаа намалување од 31,3%, данокот на добивка од 41,9% (ова намалување е делумно поради изменета регулатива-од почетокот на 2009 година не се плаќа данок на нераспределена добивка), приходите од царина се остварени помалку за 36,6%, додека акцизите забележаа раст од 25,6%, а приходите од персоналниот данок се зголемени за 8,6% споредено со истиот период лани. Неданочните приходи имаат пад од 10,6%.

**3.2. Во јануари 2010 година вкупните расходи на Централниот буџет изнесуваа 7.519 милиони денари (1,9% од БДП), што е повеќе за 20,8% во однос на истиот месец 2009 година.**

Во структурата на реализираните вкупни расходи тековните расходи (6.341 милиони денари) учествуваат со 84,3% и се поголеми за 13,0% во однос на истиот месец минатата година, додека капиталните расходи забележуваат учество од 16,7%.

Најголеми расходни ставки се трансферите (3.463 милиони денари), а втори по големина се платите и надоместоците (1.796 милиони денари). Во вкупните расходи на Централниот буџет, расходите за плати и надоместоци во овој период учествуваа со 23,9% и во однос на истиот месец лани се зголемени за 17,8%.

Расходите за стоки и услуги беа извршени во износ од 1.022 милиони денари, односно имаат значително помало остварување во споредба со тие во 2009 година за 42,9%.

Во делот на трансферите во јануари 2010 година беа потрошени 7,6% повеќе средства (244 милиони денари) и претставуваат најголема расходна ставка, односно учествуваат со 46,1% во вкупните расходи (0,9% од БДП). Ваквото остварување се должи во дел и на фактот дека во дотациите до единиците за локална самоуправа се трансферира дел од данокот на додадена вредност, а се зголемува и бројот на единици за локална самоуправа кои преминаа во втората фаза на децентрализација, при што се исплаќаат блок дотациите на 69 општини за финансирање на пренесените надлежности (средствата за исплата на плати и надоместоци на вработените во локалните јавни установи и материјалните трошоци). Исто така, значаен дел од средствата за трансфери се наменети за субвенции во земјоделството. Трансферите кон Фондот за пензиско и инвалидско осигурување се извршени во износ од 1.161 милиони денари или за 48 милиони денари помалку (4,0% намалување).

Каматите се реализирани во износ од 60 милиони денари, што е помалку за 2,5 пати во споредба со истиот месец во 2009 година.

Во анализираниот период средствата за капитални расходи изнесуваа 1.178 милиони денари, што претставува зголемување од речиси два пати (91,9% во споредба со јануари 2009 година) и претставуваат 0,3% од БДП.

**3.3. Оттука, во јануари 2010 година остварен е дефицит на Централниот буџет од 1.969 милиони денари (0,5% од БДП), додека дефицитот на консолидираниот буџет е 2.310 милиони денари и претставува 0,6% од БДП.**

## 4. Монетарен сектор

**4.1. Во јануари 2010 година примарните пари[1] забележаа раст од 19,3% на годишна основа (раст од 12,4% во декември) во услови на пораст на вкупните ликвидни средства на банките од 37% и намалена побарувачка на готови пари во оптек за 0,3%.**

На месечна основа примарните пари забележаа умерен раст од 0,8%, што се должи на повисокото ниво на вкупните ликвидни средства на банките од 5,4% и намалување на побарувачката на готовите пари за 5,4%.

Во јануари 2010 година, во услови на тендер на износи, каматната стапка на благајничките записи е пониска од декември и изнесува 8%.

Каматната стапка на државните хартии од вредност изнесува 5,2% за шестмесечните државни записи со девизна клаузула.

---

[1] Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек, готовината во благајна и сметките на банките вклучително задолжителната резерва на девизните депозити.

Беше одржана само една аукција на шестмесечните државни хартии во услови на тендер со износи (ограничен - со цена).

**4.2. Вкупниот депозитен потенцијал на недржавниот сектор[2] во јануари забележа раст од 8,8% на годишна основа (раст од 7,2% во декември 2009 година). На месечна основа вкупните депозити регистрираа забавен раст од 0,9% (раст од 2,1% во претходниот месец), како резултат на зголемувањето на вкупните депозити на домаќинствата кои остварија раст од 1,6% на месечна основа, додека вкупните депозити на претпријатијата остварија пад од 0,5% на месечна основа.**




На годишно ниво денарските депозити забележаа пад од 1,1%, додека девизните депозити остварија пораст од 19,1%.[3] На месечно ниво денарските депозити забележаа раст од 0,6%, додека девизните депозити остварија пораст од 1,2%.[4]

Од аспект на секторската структура депозитите на корпоративниот сектор забележаа пад од 0,5% на месечно ниво, додека заштедите на населението регистрираа раст од 1,6%. Во однос на минатата година депозитите на населението се повисоки за 26,9%, додека депозитите на претпријатијата се пониски за 9,5%.

**4.3. Во јануари 2010 година вкупните кредити кон приватниот сектор забележаа натамошно забавување во растот кој изнесува 3,1% на годишна основа (наспроти 4,1% во ноември и 3,5% во декември). На месечно ниво продолжи минатомесечниот пораст, но со позабавена динамика од 0,3%, што произлезе главно од зголеменото кредитирање на корпоративниот сектор од 0,6%.**

На годишна основа пласманите кон населението и претпријатијата се зголемија за 0,5% и 5%, соодветно.

Од аспект на валутата, денарските кредити (кои ги вклучуваат и кредитите со валутна клаузула) забележаа забавен раст од 4,3% на годишно ниво. Девизните кредити забележаа умерен раст од 0,8% на годишна основа.

**4.4. Во јануари 2010 година просечната пондерирана каматна стапка на денарските кредити изнесуваше 10,2% и е пониска за 0,1 п.п. споредено со стапката во месец декември 2009 година.** Просечната каматна стапка на девизните кредити беше повисока за 0,1 п.п. помала во однос на претходниот месец и изнесуваше 7,5%. Во однос на минатата година беше

[2] Вкупниот депозитен потенцијал ги вклучува немонетарните и квази депозитите
[3] Почнувајќи од јануари 2009 година депозитите вклучуваат пресметана камата
[4] Почнувајќи од јануари 2009 година депозитите вклучуваат пресметана камата

забележано затегнување на каматните услови на банките, односно просечната каматна стапка на денарските кредити оствари раст од 0,5 п.п. Од друга страна, пак, каматната стапка на девизните кредити забележа пад од 0,1 п.п. на годишна основа. Меѓу банките, анализирано според големината, големите банки имаа најниска пондерирана активна каматна стапка, 9,8% за денарски и 7,0% за девизни кредити. Пасивната каматна стапка на денарските депозити во јануари 2010 година беше поголема за 0,2 п.п. споредено со стапката во месец декември 2009 година и изнесуваше 7,3%, додека на годишна основа истата забележа зголемување од 0,5 п.п. Просечната каматна стапка на девизните депозити беше пониска за 0,1 п.п. од претходниот месец и изнесуваше 3,3%, а на годишна основа забележа пораст од 0,2 п.п.

**4.5. Бруто девизните резерви во јануари 2010 година изнесуваа 1.619,7 милиони евра и во однос на јануари 2009 година оствари раст од 12,3% (177,9 милиони евра). На месечно ниво истите забележаа пораст од 1,4% (22,2 милиони евра), во услови на нето откуп на девизниот пазар од 34,7 милиони евра. Преку трансакциите на девизниот пазар НБРМ креираше ликвидност.**

## 5. Социјален сектор

**5.1. Во јануари 2010 година во Агенцијата за вработување на Република Македонија се регистрирани вкупно 17.846 засновани нови работни односи. Од вкупниот број нововработени, 30,2% се однесуваат на неопределено време, додека останатиот дел се однесуваат на определено време и вршење сезонски работи. Споредено со истиот месец од минатата година, се забележува намалување на бројот на засновани нови работни односи за 6,1%.**

Одливот на лица од регистарот на Агенцијата за вработување на Република Македонија во јануари изнесува 7.617, од кои 36,5% претставуваат нови засновани работни односи. Како прилив во Агенцијата се регистрирани 10.289 лица, од кои 50,2% се лица на кои им престанал работниот однос.




Резултатот е зголемување на невработеноста за 2.672 лица, односно за 0,8% во однос на претходниот месец. Така, во јануари 2010 година бројот на невработени лица изнесува 343.967.

Споредено со истиот месец од минатата година, бројот на невработени лица е намален за 1,3%.

Најголем дел од невработените, односно 65,7% се од урбани средини (градско население), а 57,4% се мажи. Анализирано според степенот на образование

поголемиот дел, односно 52,5% од невработените се неквалификувани или полуквалификувани, додека само 7,7% имаат вишо или повисоко ниво на образование. Гледано според возрасни групи, најголемиот дел или 58,9% од невработените припаѓаат на возрасната група 25-49 години. Според времето на чекање на вработување, околу 50,2% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 29,7% чекаат вработување 8 и повеќе години.

**5.2. Во јануари 2010 година во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување евидентирани се 270.970 пензионери, што претставува намалување од 0,8% во однос на истиот месец од минатата година. Во однос на претходниот месец бројот на корисници на пензија е намален за 3.007 лица.**

За исплата на пензии во месец јануари се потрошени 2.693,55 милиони денари, што претставува 51,9% од вкупните социјални трансфери во владиниот Буџет.

Во јануари 2010 година вредноста на просечната пензија изнесуваше 10.082 денари, што на годишно ниво претставува зголемување од 2,2%. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во декември 2009 година (последни расположиви податоци) изнесуваше 49,1%.




**5.3. Просечната месечна нето плата во периодот јануари-декември 2009 година (последни расположиви податоци) споредена со истиот период од 2008 година бележи номинален раст од 24%, додека реално просечната плата е повисока за 25%.**

Во декември 2009 година просечната нето плата по вработен изнесуваше 20.483 денари, што на годишна основа претставува номинален раст од 18%, додека реалниот раст изнесува 19,9%. Процентот на вработени кои не примиле плата во декември 2009 година изнесува 2,9%, што е за 4,6 п.п. помалку во споредба со истиот период од претходната година.




Контролирал и одобрил: Снежана Делевска